ОХРИД
SOS

Имајќи ја предвид законската регулатива, според член 28, став 2 од Законот за управување со Охридскиот регион (Сл. весник бр. 75/2010), „светското културно наследство во Охридскиот регион се користи на начин кој овозможува негово зачувување во изворна состојба, задржување на интегритетот". Според член 37, став 2 и член 42, став 2 од истиот закон, надлежна

организација за вршење инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон е Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура на Република Македонија.

Инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник бр. 47/2011 и бр. 154/2015), според член 12 на самиот закон, врши Министерството за култура преку инспекторите за култура, во согласност со Законот за култура и Управата за заштита на културното наследство, во согласност со овој и со Законот за заштита на културното наследство. Во врска со примената на прописите за градење и просторно и урбанистичко планирање, надзор и контрола вршат органите надлежни за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Врз основа на наведените законски одредби, бараме:

**1. Итна реакција од вашите инспекторски служби** во насока на спречување на понатамошна деградација на објектот „Рибен ресторан", плоштадот „Св. Климент Охридски" и непосредната околина од Старото градско јадро на Охрид

**2. Соодветни санкции на сторителите** и

**3. Враќање на објектот и плоштадот во првобитната состојба.**

За преземените дејствија ве молиме да нè информирате на нашата електронска адреса во законски утврдениот рок.

Со почит,

Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS

ohridsos@gmail.com

ОХРИД
SOS

Врз основа на овој проект, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид доставил позитивно мислење до секторот за Урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, бр. 13-2462/2 од 05.12.2016 година.

Градежните активности на оваа локација се одвиваат во пролет 2020 година, во време на пандемија и вонредна состојба во земјата. На прв поглед е очигледно дека воопшто не се постапува по Проектот за поставување урбана опрема, следствено, ги констатираме следните прекршувања:

- Не станува збор за настрешница, туку за целосно затворање на дворот на објектот, што е во спротивност со Програмата за поставување урбана опрема на Општина Охрид за 2016 година.
- Многукратно е зголемена површината на интервенција и го опфаќа целиот двор, а не само 57 m2, како што се предвидува во Проектот за поставување урбана опрема за кој е дадено позитивно мислење од надлежната институција.
- Не се употребени предвидените материјали, туку конструкцијата се изведува од челик, стакло и лим, кои се неавтентични материјали и се недозволени во зоната за заштита I според Планот за управување со Охридскиот регион и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник бр. 47/2011 и бр. 154/2015).
- Интервенирано е врз самиот објект кој претставува објект со амбиентална вредност во рамките на заштитеното градско јадро, така што целокупните приземни фасади од камен со специфично профилирани прозорски отвори од традиционалната стара градска архитектура се обложени со секундарна метална конструкција и целосно покриени со панелни облоги. На овој начин целосно е изменет изгледот на објектот, што се коси во целост со член 7 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник бр. 47/2011 и бр. 154/2015).
- Срушена е арката од камен со која беше означен влезот во дворот и дислоцирана канделабрата која постоеше од нејзината јужна страна, со што е уништено јавно добро – архитектонски елемент и урбана опрема од плоштадот „Св. Климент Охридски" кој е дел од зона за заштита I според Планот за управување со Охридскиот регион и дел од заштитеното старо градско јадро на Охрид.

Со сите овие активности нарушена е амбиенталната целина на објектот „Рибен ресторан" и на самиот плоштад „Св. Климент Охридски" што се коси со важечката законска регулатива, односно Законот за управување со Охридскиот регион (Сл. весник бр. 75/2010); Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник бр. 47/2011 и бр. 154/2015) и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион 2020-2029 година.

Во прилог ви доставуваме фотографии од сегашната состојба на локацијата, како и документацијата која ни беше доставена од Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, како одговор на наше барање за пристап до информации од јавен карактер.

ОХРИД
SOS

**До:**

Сектор за урбанизам и управување со градежното земјиште, Општина Охрид
Управа за заштита на културното наследство

**Копија до:**

Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид

**Предмет:**

Претставка за незаконска трансформација на постоечки објект и злоупотреба на дозвола за поставување урбана опрема во старото градско јадро на Охрид

**Поднесена:** 16 јуни, 2020 г.

Почитувани,

Би сакале да ви обрнеме внимание на градежните активности кои се одвиваат на објектот наречен „Рибен ресторан" (денес ресторан „Лихнидос") лоциран на самиот плоштад „Св. Климент Охридски" во Охрид, во рамки на старото градско јадро на Охрид кое е предмет на заштита според неколку важечки закони.

Имено, во 2016 година, инвеститорот „Зеро Бет" ДООЕЛ од Охрид, со Проект за поставување урбана опрема изработен од „Ирво – Инженеринг" ДООЕЛ – Охрид, од Општина Охрид побарал дозвола за поставување на урбана опрема, по што Општината се обратила до надлежната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид за мислење.

Според член 5, 6 и 7 од Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид 2016 година (Одлука бр. 08-17635/30 од 25.12.2015 г.) се дозволува поставување урбана опрема – маси и столови пред угостителскиот објект „Рибен ресторан" на плоштадот „Св. Климент Охридски", но <u>не се дозволува затворање на просторот</u>.

Според приложениот Проект за поставување урбана опрема изработен од „Ирво – Инженеринг" ДООЕЛ – Охрид, се предвидува да се постави урбана опрема на вкупна површина од 57 m2, односно само на дел од дворот на објектот, а настрешницата за заштита од сонце да се изработи од дрвени столбови (12/12 cm), дрвени греди и рогови и покрив од ќерамиди. Не е предвидена никаква интервенција на самиот објект, ниту, пак, на парапетното ѕитче и арката на влезот во дворот, изработени во травертин, како и канделабрите за осветлување, кои припаѓаат на амбиенталното решение на плоштадот „Св. Климент Охридски" во границите на заштитеното старо јадро на градот Охрид, според член 7 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник бр. 47/2011 и бр. 154/2015).



Lihnidos 1_08062020.jpg
~162 KB




Lihnidos_30052020.jpg
~327 KB

| | |
|---|---|
| Subject | **Претставка за незаконска трансформација на постоечки објект и злоупотреба на дозвола за поставување урбана опрема во старото градско јадро на Охрид** |
| From | Ohrid SOS |
| To | <contact@digu.gov.mk>, |
| Cc | Zavod Muzej |
| Date | 2020-06-16 12:34 |

- Претставка вв Рибен ресторан Лихнидос-Охрид SOS.pdf (~551 KB)
- Lihnidos 2_08062020.jpg (~166 KB)
- Lihnidos 1_08062020.jpg (~162 KB)
- Lihnidos_30052020.jpg (~327 KB)

Почитувани,

Во прилог претставка од Граѓанската иницијатива Охрид SOS поради незаконска трансформација на објект и злоупотреба на дозвола за поставување урбана опрема во старото градско јадро на Охрид. Дополнително, доставуваме и фотографии од локацијата.

Ве молиме, решението по оваа претставка да ни го доставите на истава е-адреса во законски утврдениот рок.

**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**

**Blog:** OhridSOS
**FB:** OhridSOS
**Twitter:** OhridSOS

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Inspektorati shtetëror për ndërtimtari dhe urbanizëm
25.06.2020
09-ynn 176



Lihnidos 2_08062020.jpg
~166 KB

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

Арх. Бр: 09упп – 176
Датум: 01.07.2020 година

До: Активисти на граѓанска иницијатива
Охрид SOS

**Предмет: Известување**

**Врска: Ваш бр.**

Почитуван/а,

Во врска со Вашата преставка која ја имате доставено до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Ве известувам дека согласно Закон за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09,124/10,18/11,36/11,54/11,13/12,144/13,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14, 28/14, 42/14,115/14,149/14,87/14,44/15,129/15,217/15,226/16,30/16,31/16,39/16,71/16,132/16,35/18, 64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19,18/20) градбите од локално значење се во надлежност на општината.

Во прилог на овој допис Ви доставувам копие од достава на преставка до општина Охрид.

Со почит,


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев" бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3226 183
www.digu.gov.mk

Република Северна Македонија
-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

Арх. Бр: 09упп – 176
Датум: 01.07.2020 год.

**До:** Општина Охрид
- Градоначалник

**Предмет: Достава на преставка**

**Врска: Ваш бр.**

Почитуван/а,

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам од страна на активисти на граѓанската иницијатива Охрид SOS е упатена преставка која се однесува на превземање на законски дејствија во однос на поставена урбана опрема од страна на правниот субјект рибен ресторан Лихнидост во Охрид,општина Охрид.

Бидејќи преставката се однесува на работи кои согласно одредбите од Законот за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09,124/10,18/11,36/11,54/11,13/12,144/13,25/13,79/13,137/13, 163/13, 27/14,28/14,42/14,115/14,149/14,187/14,44/15,129/15,217/15,226/15,30/16,31/16,39/16,71/16, 35/18, 64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19,18/20) е во Ваша надлежност, истата Ви се доставува на запознавање и понатамошно постапување.

Од превземените законски дејствија да се извести подносителот и копија од одговорот да се достави до Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.

Прилог - преставка


Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Република Северна Македонија
Бул. „Гоце Делчев“ бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3226 183
www.diga.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Бр. 12-2925/6
24.11.2020 година
Скопје

02. 12. 2020
09ил 357

**ДО**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ**

**Бул. „Гоце Делчев" бр. 18**
**Скопје**

Предмет: Известување

Почитувани,

Во прилог на овој допис, **во Ваша надлежност и понатамошно постапување** согласно член 90 став (4) и 145 став 1 точка 4 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 36/11 и 148/11, 23/13, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), вв член 57 став 1 и член 128 од Законот за градење, **Ве известуваме дека на Записник е констатирано изведување на градежни работи / без добиено одобрение за градба на амбиенталниот објект – ул. КУЗМАН КАПИДАН бр.23** во Охрид, интегрален дел од заштитено добро *Старо градско јадро Охрид*, прогласено со Закон за културно наследство од особено значење, построен на **КП 15765/1 КО Охрид 3, а ги изведува ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ** имател на заштитеното добро, со адреса ул. **КУЗМАЌ КАПИДАН бр.23, Охрид.**

Горното Ви се доставува на знаење и постапување.

Со почит,

17.11.2020 год.


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220

**Влада на Република Северна Македонија**

**- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -**

Одделение за нормативно правни и општи работи

Бр. 12 - 134/2
09. 03. 2021 год.
СКОПЈЕ

**Наш број: 12-134/1**

**Датум: 09, Март, 2021**

**Активисти на граѓанска иницијатива Охрид SOS**

**Предмет: Известување по однос на Барање за информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам заведено под број 12-134/1 од 16.02.2021 година, доставено е барање во кое како прилог имате доставено 2 (две) Барања за пристап до информација од јавен карактер.

Со сета почит ги разгледавме истите и констатиравме дека на истите Барања, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам има постапено и тоа:

- Во врска со барањето од точка еден, во врска со нелегална градба на терасата на Ресторан Лихнидос на плоштад Св. Климент Охридски во Охрид, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, ги превзема законските дејствија согласно одредбите од Законот за градење и донесените известувања Ви ги доставуваме во прилог.
- Во врска со барањето од точка два, во врска со нелегална градба на ул.Кузман Капидан бр.23 во Охрид, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ги превзема законските дејствија согласно одредбите од Законот за градење и донесените известувања Ви ги доставуваме во прилог.

Со почит,

Прилог:
- Електронска претставка од Активисти на граѓанска иницијатива Охрид SOS бр.09 упп-176 од 25.06.2020 г.
- Известување до Активисти на граѓанска иницијатива од ДИГУ
- Достава на претставка до Општина Охрид од 01.07.2020 год
- Известување од Управа за културно наследство бр.12-2925/6 од 24.11.2020 г

**Изработил:**
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

**в.д.Директор**
**Фатмир Арифи**

Message preview

Reply | Reply all | Forward | Delete | Print | Junk | Mark | More | Previous | Next

Compose | Mail | Contacts | Settings | About | Logout

# Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

2021-02-15 18:05

Details  Plain text

Почитувани,

Врз основа на член 4, член 12 и член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) в.в. со Законот за заштита на културното наследство, до имателот го доставуваме следното барање за информации од јавен карактер.

1. Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инспекторат во врска со нелегална градба на терасата на Ресторан Лихнидос на плоштад Св. Климент Охридски во Охрид.
Според информациите добиени од Дирекцијата за заштита на културното наследство во септември 2020 г., инспекторатот при Дирекцијата за заштита на културното наследство по претходно извршен инспекциски надзор од НУ Завод и музеј - Охрид од 3 јули 2020 г., издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.
Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот.

2. Бараме информација за постапувањето на државниот градежен инспекторат во врска со нелегална градба на Ул. Кузман Капидан бр. 23 во Охрид. Во врска со случајот, НУ Завод и музеј - Охрид извршиле увид на 06 октомври 2020 г. по што ја известиле Дирекцијата за заштита на културното наследство за понатамошно постапување.
Според информациите кои ги имаме, инспекторатот за културно наследство при Дирекцијата издал решение за враќање на објектот во првобитната состојба во согласност со претходно извршен инспекциски надзор, по што случајот е предаден на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.
Бараме да ни се достави записник од извршениот инспекциски надзор на надлежниот градежен инспектор од ДИГУ и решението од надзорот.

Ве молиме, бараната информација да ни биде доставена во електронски формат на оваа е-адре[illegible] во најкусо време, имајќи предвид дека е информација со која веќе располагате.

Овластено лице:

16.02.2021
12 134/1

**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**

БЛАТОТО Е СРЦЕ НА ЕЗЕРОТО

Blog: OhridSOS
FB: OhridSOS
Twitter: OhridSOS